ПЕТРЕ ПИРУЗЕ-МАЈСКИ, ВРЕМЕ, ЖИВОТ, ДЕЛО, Институт за национална историја, Скопје, 1997 год. (Зборник на материјали од научен собир)

Од 1991 година наваму, Институтот за национална историја на Македонија, организира неколку научни собири, посветени на одделни истакнати ликови - револуционери од поновата историја на Македонија. Во јуни 1993 година во Охрид, во организација на Институтот за национална историја и Собранието на општина Охрид, во салата на Собранието во Охрид, се одржа научниот собир, посветен на времето, животот и делото на првоборецот од Охрид, првиот партизан на просторот од Западна Македонија, која по окупацијата од 1941 година, за време на Втората светска војна, падна под двојна окупација: воена италијанска и цивилна албанска власт, и првиот охриѓанец, кој заедно со Лазар Колишевски во отсуство, осуден е на смрт од страна на бугарскиот фашистички суд во ноември 1941 година во Охрид, Петре Пирузе- Мајски.

Во септември 1997 година излезе од печат Зборникот на трудови од одржаниот научен собир во Охрид, посветен на Петре Пирузе-Мајски, како заедничко издание на Институтот за национална историја и Општината Охрид.

И уште во почетокот, мора да нагласам, дека по својата содржина а исто така, и по техничката опрема, го заслужува нашето внимание. Без секое сомнение, заслуга, за тоа ѝм припаѓа, во прв ред, на квалификуваниот состав на авторите учесици на Собирот, од кој најголем дел се истакнати научни работници и потесни специјалисти за НОВ во Македонија, потоа истакнати универзитетски професори и академици, како и современици.

Уредувачкиот одбор на Зборникот, при подготвувањето на материјалите за печат, не вршел интервенции во содржината, ставовите и оценките на одделните автори во прилозите, како што се истакнува во воведните напомени на уредувачкиот одбор иако со некои од нив не го споделуваа мислењето, а и самите автори имаат спротивни мислења за одделни настани, случувања и личности.

Но, впрочем и затоа се организираат научните собири, авторите слободно да ги презентираат своите оцени и резултати од истражувањата за личностите, појавите и процесите, а воедно да иницираат проблеми, што допрва треба да се истражуваат и проучуваат, ослободени од разни тензии и идеолошки предрасуди, својствени на нашето недамнешно минато. Со печатењето на овој зборник, далеку сме од помислата дека е речено сè за Мајски.

Напротив, со тек на времето, со откривањето на нова архивска граѓа, нови факти и подруг методолошки пристап, во иднина ќе се дополнуваат и преоценуваат одделни оцени и заклучоци, покрај другото, и затоа што печатените материјали во Зборников се резултат на истражувањата и резултатите, до кои дошле авторите, до времето на нивното презентирање на Собирот, односно нивното печатење во Зборникот.

Уште при самото конципирање на Собирот, од учесниците е барано во рефератите и дискусиите да им отстапат повеќе простор во кој ќе зборуваат материјалните факти и вистината. Дури и при спротивни ставови за одделни настани и личности, пред сè, да се почитуваат фактите и личноста за која се говори, да се почитува соговорникот. Да не се дозволи да преовладуваат емоциите и романтизмот, туку научноста.

Според содржината, рефератите во Зборникот се печатени по хронолошки ред, онака како што беа презентирани на Собирот.

Преку нив, како што покажува и самиот наслов на Собирот, се обработува животот, активноста, ликот и делото на Петре Пирузе-Мајски. Авторите на печатените прилози, обработувајќи го овој лик, ги оценуваат настаните, времето и просторот на кој делувал, главниот јунак кому му е посветен овој Зборник.

Покрај воведниот реферат, поднесен од д-р Владо Иваноски, во кој во општи црти се изнесуваат состојбите во Македонија и посебно во западниот дел и Дебарца во пресвртната 1943 година и улогата, придонесот и активноста на Петре Пирузе-Мајски, со рефератот на универзитетскиот професор Славка Фиданова, почнуваат прилозите кои хронолошки го следат револуционерниот пат на Мајски. Иако тој е насловен за учеството на Мајски во народноослободителното движење во Охридско, во текот на 1941 година, авторот на написот поголем простор му посветува на предвоената активност на Мајски, како припадник на Македонскиот напреден покрет "МАНАПО", и неговата класна и национална определба во овој период, за потоа аргументирано да докаже дека неговиот избор, односно поставувањето од страна на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија, во мај 1941 година, за секретар на Месниот комитет на КП за Охрид, не било ни малку случаен, туку добро обмислен потег. Како што не беше ни случајна и целокупната негова активност во текот на војната и повоената изградба.

Пред сѐ овој реферат, го истакнуваме, не само затоа што е прв печатен, туку и заради впечатокот, што го наложува на секој објективен корисник што впрочем беше истакнато и на Собирот, како по својата содржина, исто така и по методолошкиот пристап на обработката што може само да служи за пример.

Фактички ако со овој реферат почнуваат рефератите за 1941 година и активноста на Мајски во овој период, чии автори се Ристо Групче и Ристо Петан, Маргарита Пешевска, Павле Митревски, Кирил Главинче и Ѓорѓи Чакарјаневски, а со нив завршува и групата реферати за 1941 година. Се обработува активноста на Мајски и воопшто на народноослободителното движење, на Месниот комитет на КП и Воениот штаб завршувајќи со обвинителниот акт за судскиот процес, односно за осудувањето на смрт во отсуство на Мајски.

За одењето на Петре Пирузе-Мајски, во Дебарца во ноември 1941 година, и неговата активност и престој на оваа територија, речиси сѐ до одењето на Мајски како делегат за учество на Првото заседание на АСНОМ, на 2 август 1944 година во манастирот Св. Прохор Пчински на кумановскиот терен, опширно зборува во својот реферат Боро Китановски.

За улогата и активноста на Мајски како командант на Штабот на Втора оперативна зона говори Миле Михајлов, а Даринска Пачемска-Петреска својот прилог го посветува на активноста на Мајски во периодот декември 1943 - мај 1944 година, потоа Билјана Неткова, за правосудната дејност на Штабот на Втората оперативна зона 1943 година, чиј командант беше Мајски.

Во наредните прилози на Новица Велјановски, Нада Јурукова, Тодор Чепреганов, Марјан Димитријевски и Галена Куцуловска, се обработуваат проблемите, кои се однесуваат на улогата на Мајски во втемелувањето на македонската државност за неговиот придонес во воспитно образовниот процес, за оценките на англиската и германската документација за Мајски како и за неговата музејска и архивска заоставштина.

За повоениот период, посебно внимание заслужува, прилогот од Виолета Ачкоска, под наслов "Драмата на Мајски и сталинизмот во Југославија". Самиот наслов укажува на проблематиката што се обработува во него. Овде за прв пат, во нашата историска наука, авторката научно-теоретски ги анализира, објаснува и оценува, настаните од 1948-та година кај нас, реално и објективно.

Со прилогот на акад. Гане Тодоровски, отпочнува една поголема група трудови, кои го обработуваат ликот и делото на Мајски, од културолошки и интелектуален аспект. Да ги спомeнеме и прилозите на Томе Момировски, Лилјана Тодорова, Вера Стојчевска-Антиќ, Томе Саздов, Науме Радически и Васил Дрвошанов. Во најголем дел, содржината во нив, се однесува на народните преданија за Мајски, популарноста на Мајски и неговата опеаност во народната песна, на јазичните карактеристики на документацијата на Мајски и други.

Последната група прилози, печатени од Зборникот, фактички претставуваат сеќавања од неговите соборци и блиски, како за периодот на народноослободителната војна, а исто така и за повоениот период од Охрид, Дебарца, Преспа, Прилеп, како што се сеќавањата Ефтим Марковски-Ефе, Томе Цветановски, Киме Манчевски, Симон Ивановски-Пеливан, Сотир Пирузе, Димче Аџимитревски, кој говори за голооточката драма и Дончо Мицковски.

Не случајно ги споменувам сите автори кои со своите прилози дадоа значаен придонес за вреднувањето на овој значаен лик од поновата историја, не само на Охрид, туку и на Македонија воопшто. Сите учесници на Научниот собир го заслужуваат тоа. Кон расветлувањето и вреднувањето на улогата и придонесот на Петре Пирузе Мајски пристапија со респект кон личноста и делото, односно кон настаните од последната решавачка битка на македонскит народ за национално и социјално ослободување, за создавањето на сопствена македонска држава, прва по Самоиловата и за улогата на Мајски.

Од печатените материјали во Зборникот, сами по себе се наметнуваат заклучоците дека ликот и делото на Мајски беше елабориран од повеќе аспекти, но пред сè, како човек, хуманист, општественик, револуционер и државник. Оценуван е неговиот придонес за почетокот и развојот на Народноослободителната војна на ова подрачје до конечното ослободување на Македонија и неговиот придонес во изградбата на правосудниот систем во младата федерална единица - Македонија, во рамките на Демократска Федеративна Југославија. Се оценува неговата активност во војната, организирањето на Организациите на Комунистичката Партија на Југославија и Комунистичката Партија на Македонија, во Охрид, Дебарца и Малесија, во формирањето и насочувањето на активноста на Народноослободителните комитети, судската активност потоа за неговата активност како командант на Штабот на Втората оперативна зона и член на Главниот штаб на НОВ и ПОМ, како потписник на Манифестот на Главниот штаб од октомври 1943 година, донесен во село Црвена Вода - Охридско, упатен до македонскиот народ. Документот во македонската историографија е оценет како еден од најзначајните програмски документи донесени во текот на војната.

Прилозите печатени во Зборников, во најголем дел базираат на досега непознат изворен материјал од нашите и странски архиви, откриени последниве години од соработниците на Институтот.

Во оваа пригода за волја на вистината, мораме јавно да напоменеме дека независно од односот кон Мајски, македонската историска наука, дури и не само таа, во печатените трудови (монографии, зборници на документи, одделни статии во научни списанија и др.), каде што се обработува проблематиката од народноослободителната војна на Македонија и македонскиот народ, секогаш делото на Мајски објективно го вреднува, во онаа мера колку што тоа го дозволуваа достапните документи (проф. Слафка Фиданова, Велимир Брезовски, Миле Тодоровски, Владо Иваноски, Миле Михајлов, и др.), како и во печатените извори на просторот на бивша Југославија.

Да се потсетиме на документите во издание на Военоисторискиот институт од Белград, во серијата на документи за НОВ на Југославија, во том VII, книга 1, 2, 3 и 4, излезени од печат во периодот 1952-54 год-

ина, во кој е објавена многубројна документација, со потписот на Петре Пирузе Мајски, во својство на командант на Штабот на Втората оперативна зона, како и на разни други извештаи, информации, упатства и др.

Петре Пирузе-Мајски е неодминлива личност од поновата историја на Македонија и македонскиот народ. Тоа е историски факт. Со својата револуционерна активност и дело, тој самиот се избори за таквиот статус. Тоа не може никој да го негира. Впрочем, тоа уште еднаш се потврдува со печатењето на Зборникот.

Петре Пирузе-Мајски, за време на војната, си изгради споменик за себе и за својата револуционерна генерација на која ѝ припаѓаше. Се откажа од правничката кариера, од која можеше богато да живее. Се определи за борба, за револуција, за слобода на Македонија.

Владо ИВАНОВСКИ

Новица Велјановски, "МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ВО БУГАРСКИОТ ПАРЛАМЕНТ (1941 - 1944)" (политички и законодавни аспекти), Институт за национална историја, Матица македонска, Скопје, 1996, 231

Понудениот труд на Новица Велјановски претставува своевидна студија за работата на XXV Народно собрание на Бугарија и за работата на Министерскиот совет. Централно место при разгледувањето на работата на споменативе институции претставува третманот на Македонија и Македонското прашање во работата на Собранието и Министерскиот совет.

Македонското прашање е разгледувано одделно, или заедно со другите "новоослободени" земји (Тракија, Јужна Добруџа и Македонија). Во документите од собраниските расправи Македонија е окарактеризирана со епитетот "најценета" земја, често присутна и жешка тема во работата на споменативе институции, за остварување на вековниот идеал за "Голема Бугарија".

Новица Велјановски со понудената студија ја пополнува празнината што во Македонската историографија постоеше во врска со ова прашање. Бугарскиот окупаторски систем (функционирањето на воените и административни органи), како и борбата на македонскиот народ против бугарските окупаторски формации, се целосно или делумно обработени во Македонската историографија и не се предмет на разгледување во овој труд.

Книгата содржи *11 глави* со повеќе подглави (13-211), *предговор* (9-12), *резиме на македонски и англиски јазик* (220-223), *регистар на лични имиња* (227-229), и *регистар на географски поими* (230-231).

Во глава прва, *Организацијата и карактерот на Бугарската држава (1941-1944)* и во глава втора, *Воспоставување на бугарската воена власт,* е даден краток приказ на карактерот на бугарската држава, потенцирајќи ги сите усилби да се прикажат себе си, како окупирана територија од Хитлеровска Германија, како и неопходноста, "новоослободените" земји да се вклопат во бугарскиот државен систем.

Во глава трета, *Законодавната дејност за "новоослободените" територии,* се дава приказ на работата на Министерскиот совет, до кој за само една година биле доставени на одобрување над 40 законодавни акти, за што побрзо разрешување на појавениот проблем во "новоослободените" територии: Закон за брзо уредување на неодложните прашања на "новоослободените" земји, Закон за даноците на населението во "новоослободените" земји, Уредба за отворање на државен универзитет во Скопје 1942,